СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од 58 седница на Собранието на Република Македонија
одржана на 18 март 2004 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-динот Ључо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 58-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Елеонора Петрова - Митевска, Трифун Костсовска, Ана Андова, Тасим Сулејмановски, Есад Рахиќ, Марјан Ѓорчев, Љубе Бошковски, Соња Лепиткова, Љубчо Георгиевски, Петар Наумовски, Сашко Ќедев, Никола Груевски, Ганка Самоиловска - Цветанова, Али Ахмети, Хусеин Џевадхусени, Ѓорѓи Оровчанец, Љубисав Иванов - Ѕинго и Џевдет Шаќири, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

(Пратениците притискаат на едно од копчињата на системот за гласање)

Уште еднаш молам да притиснете на системот за гласање. (Пратениците притискаат на едно од копчињата на системот за гласање)

Благодарение на сериозноста на некои пратеници, молам службите да ги пребројат присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

На седницата присуствуваат 66 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноправно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Претседателот на Советот за Радиодифузија на Република Македонија.

Предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласате.

Вкупно гласале 65 пратеници. Сите гласале за предлогот, нема воздржани нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот.

За денешната седница го предлагам следниот

Дневен ред

Предлог на одлука за правила за рамноправен пристап во медиумското претставување на избор на претседател на Република Македонија во 2004 година.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 62 пратеници. Сите гласале за предложениот дневен ред. Нема против, нема воздржани.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Преминуваме на точката од дневниот дневен ред.

**Предлог на одлука за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување за избор на претседател на Република Македонија во 2004 година.**

Предлогот на одлуката Ве е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандман за менување на основот на Предлогот на одлуката, по кој пртставникот на предлагачот не се произнел.

Пратеникот Томе Тромбев, поднесе амандман на член 6 став 2, по кој претставникот на предлагачот не се произнесе.

Отворам претрес по амандманот за менување на основот на Предлогот на одлуката поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор претставникот на Радиодифузија.

ИЛИР АЈДИНИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот.

Ќе причекаме 2-3 минути за да се подели амандманот на пратеникот Томе Тромбев.

(Службите го делат амандманот на пратеницитре).

(Процедурално бара збор г-динот Коце Трајановски).

Повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Од името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам пауза од половина час, бидејќи не сме го добиле амандманот за да видиме за што се работи, а се работи за Предлогот на одлуката.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не ли ви е поделен амандманот на г-динот Шапуриќ.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Не, го немаме.

Еве сега го делат, сега е тука.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас можам да дадам пауза 15 минути.

(Пауза од 10, 20 часот).

(по паузата)

Седницата продолжи со работа во 10,35 часот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работата.

Отворам претрес по амандманот на член 6, став 2, поднесен од пратеникот Томе Тромбев.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

(Пратеникот Љупчо Мешков бара збор процедурално)

Да завршам со ова, па потоа процедурално ќе ви дадам збор

ИЛИР АЈДИНИ:

Се прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот.

Повелете процедурално г-дине Мешков.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Г-дине претседателе, за време на паузата нашата пратеничка група заедно со пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ почнавме да правиме неколку амандмани кои што сметаме дека се суштински и битни за оваа одлука.

Од името на пратеничката група на Либералната партија бараме пауза за да ги подготвиме. Дали ќе биде половина час или час, зависи и од службите да ги подготвиле тие амандмани, затоа што сметаме дека навистина се битни и важни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мешков два дена го имате материјалот.

(Реакција на пратениците на опозицијата)

Додека трае расправата нека се подготвуваат амандманите. Ќе отворам расправа и додека трае расправата нека дојдат амандманите.

(Реакција на пратениците)

Ама, два дена го имавте материјалот.

Колку ви треба пауза г-дине Мешков?

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Додека не ги завршиме, но еден час би било доволно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во секој случај јас ќе дадам пауза од еден час, само сакам да кажам дека два дена материјалот стои, деловничка пречка нема, во последен момент се бара пауза, а јавноста нека оцени.

Еден час пауза.

(Пауза од 10,40 часот)

(по паузата)

(Седницата продолжи со работа во 11,50 часот).

Со седницата продолжи да претседава г-ѓа Лилјана Поповска потпретседател на Собранието.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со амандманите.

Пратениците Слободан Чашуле, Ристана Лалчевска и Коце Трајановски, поднесоа амандман на член 10 за менување на став 1, по кој претставникот на предлагачот не се произнел.

Пратениците: Спиро Мавровски и Марија Којзеклиска поднесоа амандман на член 4 за менување на став 1, по кој претставникот на предлагачот не се произнел.

Пратениците Слободан Чашуле, Спиро Мавровски, Марија Којзеклиска, Љупчо Мешков, Ристана Лалчевска Слободан Даневски, поднесоа амандмани на член 28 став 3 и на член 28 за менување на став 5, по кои претставникот на предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за менување на став 1, поднесен од пратениците Слободан Чашуле, Ристана Лалчевска и Коце Трајановски.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

ИЛИР АЈДИНИ:

Амандманот за менување на член 10 став 1, сметаме дека е во функција на допрецизирање на правилата за медиумско претставување и го прифаќаме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Значи овој амандман станува составен дел на текстот.

Отворам претрес по амандманот амандманот на член 4 за менување на став 1, поднесен од пратениците Спиро Мавровски и Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

ИЛИР АЈДИНИ:

Овој амандман не го прифаќаме бидејќи одлуката се однесува на конкретен период и тука ние оперираме со конкретни датуми и мислиме дека е попрецизно.

ЛИЛЈАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор.

Збор бара госпоѓа Марија Конзеклиска.

Повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Причината за поднесувањето на овој амандман лежи во членот 10-е, од измените и дополнувањата на Законот за претседател, каде што е наведено, така како што е наведено во амандманот дека изборната кампања започнува 22-от ден од денот на распишувањето на изборите и завршува 24 часа пред денот на одржување на изборите.

Точно е дека ваква одлука за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување имаше и за парламентарните избори 2002 година и точно е дека во член 4 од таа одлука имаше прецизни датуми кога започнува изборната кампања, кога завршува и кога е изборниот молк. Меѓутоа, тоа не значи дека може би тогаш не е направена грешка а и ова сега не значи дека и сега нема да направиме грешка. Што ќе се случи доколку постои втор претседателски круг или втор круг од претседателските избори. Дали тоа значи дека ние тогаш треба да донесуваме нова одлука, затоа што точно е дека оваа одлука оперира со прецизни датуми. Изборната кампања започнува на 30 март и завршува на 12 април.

Јас би сакала предлагачот доколку има коментар на ова уште еднаш да го разгледа амандманот и да види дали е усогласен затоа што вака како што е даден е преземен од законскиот текст за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници.

Доколку нема намера да го прифати ваквиот амандан тогаш ќе апелирам до пратениците во Собранието тие со својот глас да го прифатат амандманот.

Барам уште еднаш добро да се размисли за ваквата терминологија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Предлагачот сака да појасни.

ИЛИР АЈДИНИ:

Со оглед дека и изборната Комисија ги објави датумите за одржување на изборите и за почеток на изборната кампања и на изборниот молк сметаме дека нема потреба да го вградиме ова решение од Законот, туку оперираме со конкретни датуми. Не мислиме дека може да наштети. Освен тоа и во минатото одлуките беа донесувани со конкретни датуми, со конкретни рокови.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Што ќе се случи доколку имаме втор круг од изборите. Дали тогаш ќе треба да донесеме нова одлука за правилата за рамноправен пристап.

ИЛИР АЈДИНИ:

Се подразбира дека доколку има втор круг ќе важи истата одлука со нов датум на почеток на изборниот молк. Советот во донесувањето одлука не може да преаудицира нешто што не е во законите за избор на пратеници и Законот за избор на претседател на Република Македонија. Не можеме да предвидиме во одлукат втор круг и затоа амандманот не можеме да го прифатиме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збoрт.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Мислам дека е сепак непрактично ние повторно да свикуваме седница на Собрание и пак да донесуваме нова одлука за правилата за рамноправен пристап кога веќе го имаме законскиот текст, одредбата 10 е за изменување и дополнување. Навистина непрактично е повторно нова одлука, повторно само измена. Мора да биде нова одлука, не може да биде само измена со нови датуми.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас би го запрашал предлагачот на оваа одлука што е проблемот да се прифати условно за вториот круг воопшто ако дојде во ситуација да биде условно, значи, вториот круг би бил после 14 дена и би важело истото ова, доколку се случи да има втор круг.

Едноставно во таа смисла е амандманот и мислам дека може и предлагачот да го прифати сето ова.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор?

Господинот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Јас мислам дека не треба да се поддржи амандманот од причина што предвидената постапка во првиот круг на гласање и сите рокови кои се предвидуваат за првиот круг на гласање немаат никаква врска со вториот круг од причина, ако првиот круг не се избере претседател предвидено е со законска регулатива кога почнуваат другите рокови за вториот круг на гласање и на избори, дури и на кампањата. Нормално е истото правило за првиот круг да важи и за вториот круг на изборите, третиот или петтиот круг на избори. Сите моменти се предвидени со закон и се предвидени со Уставот, што ќе се случи доколку се случи да има и втор и друг круг.

Така што, амандманот во оваа форма формулиран, пред изборната кампања, или изборната кампања да почне 22-от ден не значи ништо во споредба со тоа што е предвидено на 30 март што подразбира, што е исто така 22-от ден. Значи во оваа насока не држат образложенијата кои се даваат за овој амадман и сме против овој амандман.

ИЛИР АЈДИНИ:

Советот пак останува на ставот дека со одлуката не можеме да регулираме нешто што не е е предвидено со закон. Во законот за избор на претседател, член 10-е, нема друг рок, нема втор круг. Правно не гледаме дека би значело нешто тоа, меѓутоа, ако вие сметате можеме да направиме правни консултации па да донесеме друга одлука.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Точно е дека во членот 10-е не е предвидено друг рок, меѓутоа постои основ во Законот за избор на претседател каде што е предвидено втор круг за ова што го преедлагаме и врз основа на предлогот за изменување и дополнување на Законот за избор на претседател, меѓутоа, тоа не значи, дека нема да постои потреба од втор круг. Во 4-5 члена е регулирана постапката за вториот круг. Значи, не држи тоа дека не е предвидено со членот 10-е, предвидено е со основниот закон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор? ( Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 55 пратеници. Единаесет гласале за, 1 воздржан и 43 против.

Молам, службите да го утврдат точноит број на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Деловнички бараше господинот Чашуле. Повелете.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

За мене одлуката е многу важна и би сакал да помине без било каков облик на можна интерпретација, од моментот на гласањето до проверувањето се промени бројот на присутните, па би сакал да гласаме уште еднаш.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Нема кворум во секој случај. Јас уште еднаш ги повикувам колегите пратеници што се наоѓаат во Собранието, да влезат во собраниската сала, за да можеме да гласаме и гласањето ќе го повториме.

Во момонтот се присутни 64 пратеници.

Тогаш ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 14 за, 1 воздржан, 43 негативно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 за менување на став 1, поднесен од пратениците Спиро Мавровски и Марија Којзеклиска.

Отворам амандман на член 28 став 3 поднесен од пратениците Слободан Чашуле, Спиро Мавровски, Марија Којзеклиска, Љупчо Мешков, Ристана Лалчевска и Слободан Даневски.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

ИЛИР АЈДИНИ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 28 за менување на став 5, поднесен од пратениците Слободан Чашуле, Спиро Мавровски, Марија Којзеклиска, Љупчо Мешков, Ристана Лалчевска и Слободан Даневски.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

ИЛИР АЈДИНИ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Збор бара господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке.

Оваа Предлог одлука исто така се донесува пред секои избори. Ние со нашите амандмани сакавме да дадеме придонес околу нејзиниот поквалитетен текст и благодариме на усвојувањето на амандманите, кои што ние ги предложивме. Жалиме што не се усвои оној амандман во кои што беа наведени термините, бидејќи повторно ќе повторам, со вториот круг не е дефинирано, не е објаснувањето дека во 2002 година беше слично. Сметам дека тука требаше да се направи напор, од претставниците на Предлог одлуката, меѓутоа, тоа е тоа.

Нешто што би сакал да дискутирам околу ова е врзано со содржината на оваа Предлог одлука, а е тоа дека пред еден месец имаше конкурс за доделување на четири национални концесии. Деновите завршува тој конкурс. Ние сметаме дека тој конкурс треба да се поништи, бидејќи никаде не се прави доделувањето на концесии. Имаше препораки од Советот на Европа и од Пактот за стабилност сето тоа да се поништи, меѓутоа, не знам како ќе постапи Владата, особено доколку се добие концесијата, договорот со концесионерот го потпишува лично претседателот на Владата на Република Македонија, а во конкретниот случај претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Бранко Црвенковски и кандидат за претседател на Република Македонија. Тоа уште повеќе ја усложнува оваа состојба

и уште еден факт е поради кој што тоа не треба да се направи и затоа сметаме дека треба да се повлечат овие, бидејќи може да влијае понатаму во изборните кампањи. Може и во вториот круг ако се донесе до првиот круг.

Исто така, сметам дека Македонската радио телевизија, не треба да има платена политичка програма, ние со нашиот Предлог на закон утре тоа го предвидуваме, бидејќи сметаме дека со тоа што начинот со кој се финансира Македонската радио телевизија, со последните измени околу таа проблематика, сметаме дека не треба да има платена политичка програма, со оглед на тоа што скоро секогаш Македонската радио телевизија е блиска до власта и Владата на Република Македонија, зависи многу од тоа и затоа сметаме дека и во оваа одлука предвидено е да има платени политички програми, меѓутоа, препорака е Македонската радио телевизија да не прави платена политичка програма.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Човек не може да се бори против сите собирања што можат секојдневно апсолутно не суштински и небитни работи, или работи кои немаат врска со темата денеска да се зборува и сега треба човек во три минути да се обиде тоа да го реплицира или демантира.

Прво, амандманите не беа суштински и за џабе чекавме саат време и не се дојде до некое подобрување, но добрата волја на предлагачот да ги прифати остави простор, мислам од технички аспект не ќе може да биде изводливо имплементирањето на сите овие амандмани што се бараат, но тоа е добрата волја на предлагачот и тука нема мешање.

Второ, не постои законска основа, ниту пречка еден од кандидатите да мора согласно некоја законска регулатива да се повлече, доколку е тој кандидат. Нашиот кандидат си е доволно свесен, доволно одговорен да знае да ги почитува политичките правила и фер однос и тоа нормално брзо ќе се покаже во текот на кампањата. Јас не знам по која одредба од политичката кампања конвенцијата се пренесуваше на одредена политичка партија на еден од кандидатите на таа политичка партија, бидејќи имаат два.

На една од телевизиите, кога кампањата почнува 22-от ден од денот на распишувањето на изборите и тоа со концесиите, врска нема со Предлог одлуката за рамноправно претставување на кандидатите на изборите за овие претседателски избори. Репликата се однесува на изнесени наоди од страна на пратеник јас

реплицирам на тоа. Тоа што наводите претходниот пратеник ги кажуваше што немаат врска со денешната тема, тоа не е мој проблем, тоа е ваш проблем.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Коце Трајановски, повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Како и секогаш, господинот Макрадули надвор е од репликите за кои што сака да реплицира. Дали беа суштински, или не беа, самата содржина на амандманите кажува, а како ќе биде претставувањето во вториот круг, нека ми каже господинот Макрадули, бидејќи гледам дека многу знае, нека ми објаснеше подобро како ќе биде сето тоа, бидејќи овде пишува до 12-ти април, а за другото не го разбрав за што дискутираше.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке,

Јас сакам само да укажам на Парламентот, односно на Собранието на Република Македонија, како основач на Македонската радио телевизија да укажам на Македонската радио телевизија дека рамноправниот третман на кандидатите, пред се, треба да биде обезбеден по односот на уредувачката политика кон секој кандидат, затоа што Македонската радио телевизија претставува јавен сервис и за нејзино функционирање собираат пари од сите граѓани на Република Македонија. Потоа во третманот на кандидатите во информативните емисии на Македонската радио телевизија, односно да не се повторува, она што се случи на вчерашниот дневни во 20,оо часот, кога имавме можност да гледаме едно 10-тина минути промоција на ДУИ, односно на говорите на Али Ахмети, Гзим Острени, на Абдулменах Беџети и потоа директно вклучување со обраќањето на канидатот на СДСМ Бранко Црвенковски од Конвенцијата на оваа партија и на тој начин сметам дека со продолжување на оваа пракса од страна на Македонската радио телевизија, значи со непочитување на рамноправниот третман во уредувачката политика, се работи за неплатена политичка програма, која што се користи од страна на парртиите на власта, кои што имаат свој кандидат, а секако, тоа е на штета на партиите кои што имаат кандидати, и се наоѓаат во опозиција.

Значи, се јавив само за збор за да укажам на Македонската радио телевизија дека во уредувачката политика да обезбеди рамноправен третман на секој кандидат

за претседател на Република Македонија во текот на изборната кампања и доследно почитување на одредбите на оваа одлука, која што ја носиме денес за рамноправен третман на овие кандидати, во однос на трговските радиодифузни друштва, во однос на локалните радиодифузни друштва, а посебно во однос на Македонската радио телевизија , бидејќи сме сведоци дека користењето на јавниот сервис за политички потреби на партиите на власт не ја остварува целта на носењето на оваа одлука.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За процедурално се јави господинот Никола Камчев.

НИКОЛА КАМЧЕВ:

Ќе ве молам госпоѓо потпретседателке, дали излагањето на господинот Блаже Стојановски го пишува во текстот на законот што денеска треба да го донесеме. Тоа не го пишува во законот и молам да се спречи нешто што не е во согласност со дневниот ред.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Камчев.

Вие исто така сте ја читале Одлуката веројатно, меѓутоа се зборува овде принципиелно. Она што го зборува ја допира суштината и принципите поради кои што оваа Одлука се донесува, така што мислам дека беше сосема во ред.

Процедурално се јави господинот Блаже Стојановски, а потоа господинот Талат Џафери.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке, ќе бидам многу краток.

Само сакам да укажам дека јас зборував токму за она што го нема во оваа одлука. Затоа што треба да го има, а и она што го има во оваа одлука треба да биде доследно почитувано. Затоа што ние може да носиме многу вакви одлуки, но ако не се почитувани, тогаш навистина целта за нивното донесување јас не ја гледам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Талат Џафери се јави за реплика.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател.

Ние гледаме дека сме влегле во една предизборна кампања, пред да биде и предвидениот рок за оваа работа.

Господине Стојановски, денеска на дневен ред имаме предлог одлука за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување, а вие говорите

за еден дел кој што се случува пред оваа одлука. Вие априори ги политизирате работите, априори сакате да признаете дека сте ги изгубиле претседателските избори и дека денеска саскате вината да ја префрлите на некој друг, таму всушност каде не постои таа вина. Ние треба да воспоставиме правила за пристап и однесување на медиумите и без да се усвојат овие правила, тие правила не се во сила и ние не можеме да се повикаме на тие правила. Затоа е неразбирливо тоа што вие го велите, за тоа што се случило вчера во вестите на Македонска радио телевизија каков пристап имал за кого и за кој кандидат за тоа колку говорел и што говорел господинот Ахмети, господин Острени и Абдулменах Беџети, тоа не е ваш проблем, вие може да гледате што говори вашиот кандидат, господин Кедев, или што говори потенцијалниот кандидат ваш господинот Бошковски и затоа може да говорите и да се заинтересирате.

Затоа дозволете на оваа парламентарна седница и во овој дневен ред се усвои предлог одлуката за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување и кога ќе се усвојат правилата, ако не се почитуваат, тогаш има место за разговор или парламентарен пристап, како ние кои што сме основачи на Македонската радио телевизија и ќе може да бараме одговорност од тој орган, од таа институција за тоа што го прави, или што му го прави во согласност со правилата кои што ние ги предвидуваме овде. Затоа ве молам предизборната кампања во согласност со правилата кои што се предвидуваат со оваа одлука која што вие толку сакате да ја дополните, да ги почитувате вие прво да ги усвоиме правилата, а потоа да говориме за рокови за почитување или непочитување на овие правила.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господин Блаже Стојановски се јавува за контрареплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Со она што го кажа претходниот дискутант дека од денеска треба да важи одлуката за рамноправен пристап, дефинитивно признава дека Македонската радио телевизија до вчера нема рамноправен пристап на сите политички партии во однос на нивните информативни програми. Ако е ова така, а тоа е така, затоа што го кажа еден член на владеачката коалиција, јас не се сомневам дека е тоа така, тогаш, со право зборувам да се почитува оваа одлука за рамноправен пристасп, затоа што само на тој начин може да се обезбеди рамноправен третман на сите кандидати за претседател на Република Македонија.

Јас ги го потсетил претходниот дискутант дека доколку има храброст ќе одат со Али Ахмети, а не можат да одат со Гзим Острени и затоа не треба да зборуваат за кандидатите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално  се јавува господинот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател.

Процедуралното моето пријавување е во врска со тоа дека во ниту еден момент и со ниена смисла на речениците што ги кажав не сум рекол и не велам и не признавам дека пристапот на медиумите да биде привилегиран или дискриминирачките врз едните или другите. Затоа, не сакам и нема да дозволам некој од типот на госпоѓа Којзеклиска, или на Блаже Стојановски да спомнува имиња и да се повика на тоа што се повикува, а доколку сакаат да знаат дека сум задоволен, или не сум задоволен, можеме да седнеме со седницата и да ги дискутираме овие теми. Ова не претставува проблем за мене, затоа, пристапот или целта да не се пренесе од тоа што е тема на дискусија на дневен ред и содржината на Предлог-одлуката, априори, ние неможеме да говориме за Предлог-одлука, или за одлука, пред да се донесе овде во овој законодавен дом. Кога ќе се донесе одлуката и нема да се почитува следат реперкусии за тие што не се придржуваат кон регулативата предвидена со оваа одлука. Прашањето на презентирањето на медиумите за потребите на вестите, за пашања кои се случуваат за настаните за кои тие мислат дека треба да ги презентираат во нивните емисии, едно прашање на уредувачката политика која ние сме ја основале. Затоа јас би ве замолил уште еднаш имињата што ги спомна да не ги споменуваат и да не се занимаваат со политиката дали ќе беше кандидат господиот Ахмети или господинот Острени, за нас како ДУИ и ПДП што ја подржува заедничката кандидатура, секогаш е ирелеванто со кој кандидат сме излегле. Ние излеговме со најзаслужниот кандидат и се гордееме, што покрај нашиот лидер имаме сеуште заслужни луѓе кои можат да излезат и да се кандидираат за оваа функција. Затоа, не не плаши фактот за да излеземе со годподинот Острени, кој е една личност која се докажал со своите способности и во оваа насока.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Простете, меѓутоа но ова веќе излезе од процедуралното, ве молам.

Сите ние ќе бидеме на испит во овој претходен период, и јас би ве молела ако може додека сме во Парламентот барем да го зачуваме достоинството на

Парламентот. Значи, господин Макрадули се јави за реплика. Можеби ќе можете да одговорите по репликата на Јани Макрадули.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Процедурално господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Би ве замолил госпоѓо потпретседателке да не се злоупотребуваат процедуралните барања за вакви политички манипулации на пратениците во Парламентот и сакам да искажам една работа во однос на тоа што беше кажано, а тоа е следното. ВМРО-ДПМНЕ има еден кандидат, а тоа е господинот Сашко Кедев, се друго е манипулација.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, господинот Јани Макрадули има реплика на искажувањето претходно на господинот Блаже Стојановски.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ

Би сакал да реплицирам на дел од излагањето на Блаже Стојановски, колегата пратеник во однос на рамноправниот третман и на алудирањата или алузиите што ги правеше во однос на МРТВ, да го потсетам дека надвор од било каква одлука и надвор од било каква законска одредба, ова еднаш го кажував и порано, а сега ќе им го повторам на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, се емитуваше директен пренос на изборната кампања на ВМРО-ДПМНЕ во 2002 година, траеше повеќе од 1 час, што е исто така забрането со одлука што вие сте ја донеле.

Трето, должите за тоа 21 милион денари и уте не сте го платиле, или тоа е од прилика 320 илјади евра што ги должите само за тој пренос на МРТВ, а дозволено беше за кампањата вкупно за 30 дена да потрошите 400 илјади евра. Затоа, ја повикувам Комисиата за борба против корупција да си ги провери овие работи, а Блаже Стојановски може слободно да си провери во ВМРО-ДПМНЕ и можеби како адвокат е нагажиран во судскиот процес на МРТВ против ВМРО-ДПМНЕ за долгот од 320 илјади што го должи кон МРТВ за незаконски пренос и надвор од дзволеното времетраење што беше во 2002 година. Е, тоа е рамноправен третман и како некои политички партии тоа го разбираат, ама си ја имаат мувата на капата, па сега мислат сите така работат. Не, господине Блаже Стојановски, се сменија условите во Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господин Блаже Стојановски, повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас не знаев дека господинот Макрадули, покрај тоа што беше претседател на Република Македонија и го кажа датумот на изборите, а сега стана и директор на МРТВ, па зборува со бројки, кои што треба да ги кажува во извештајот пред ова Собрание и МРТВ и нејзиниот директор. Затоа, единствено што ќе кажам е тоа дека зборувате невистини, а треба да си водите сметка за вашите долгови кон трговските радиодифузни друштва, кои што ги направивте во текот на изборните кампањи. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на господин Никола Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Благодарам потпретседателке.

Ја ценам загриженоста на колегата Стојановски и за реализација на правилата за рамноправен пристап и медиумско претставување, од причини што за време на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ, ние како опозиција немавме апсолутен пристап. Ако се сеќавате нашиот лидер за четири години само еднаш настапи на Македонската телевизија. Јас можам да му кажам на господинот Стојановски да не се плаши, владеачката коалиција до крај ќе ја почитува одлуката. Јас сум загрижен и треба најмногу господинот Стојановски да биде загрижен, како ќе ги платат сметките по договорите што ги склучија со локалните радио телевизии пред изборите во 2002 година. Во секоја општина во локалните радио телевизии должите огромни пари. Во Делчево како ќе ви биде претставен кандидатот кога должите 450 илјади денари во 2002 година. Тоа треба вас да ве загрижува.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одговор на ова има господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке.

Прва работа за која што сакам да одговорам е дека господинот Бранко Црвенковски бегаше од дуелите, што значи немаше ниту намера да се покаже пред македонската јавност и од тие причини не му беше спречено, туку напротив беше повикуван а не доаѓаше на дуели за време на сите предизборни кампањи.

Втора работа, која што сакав да ја кажам се однесува на јавните локални радиодифузни друштва, каде што сеуште овие друштва се наоѓаат во исклучително тешка состојба и сите оние ветувања, кои што ги имаше СДС кон овие локални јавни

радиодифузни друштва ниту дел ги нема исполнето. Прашајте ги вработените таму како живеат, дали редовно земаат плата и како се финансираат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Реплика има господин Ристе Бислимовски.

РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ:

Благодарам потпретседателке.

Јас нема да зборувам ниту за пари, ниту за кампањи, меѓутоа, сакам да се исправи една невистина, каде господинот Блаже Стојановски, покрај другото, во својата дискусија кажа дека Македонската телевизија вршела директен пренос од Конвенцијата на СДС при промоцијата на кандидатот за претседател на Република Македонија. Се разбира, како кажа ќе се провери и ќе се види. Дека тоа не е точно и неможеше да биде точно затоа што Конвенцијата веќе беше завршена пред 20 часот, а во дневникот како и за сите други кандидати и за сите други партии во врска со кандидирањето на претседател за Република Македонија, имаше изводи од сите настани.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господин Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас само кажав дека во текот на вестите во 20 часот беше вклучено обраќањето на господинот Бранко Црвенковски на Конвенцијата, која што претходно беше завршена. Значи, вклучено во вестите, во текот на информативна емисија беа прекинати следот на информации, кои што следеа и во тој момент беше дадено обраќањето на кандидатот на СДС. Јас се надевам дека тој кандидат ќе има сила и ќе биде присутен на Македонската телевизија малку повеќе, затоа што е сега директно лично кандидат на СДСМ, а не е само претседател. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Томе Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Јас би сакал да реплицирам на господинот Блаже Стојановски. Добро е што синојка ги гледал вестите и обраќањето на кандидатот на СДС, меѓутоа, очигледно е дека во понеделникот не можел да ги гледа вестите на Македонската телевзија, бидејќи бил присутен на Конвенција. Да ги гледал тие вести, ќе видеше дека во вестите на Македонската телевизија во понеделникот имаше обраќање од нивниот претседател и од нивниот кандидат. Така што рамноправниот пристап сосема е во

ред во секој случај. Јас можам и да го разберам зошто сега ја политизира целата оваа ситуација, меѓутоа, јавноста ќе цени. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, господин Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас уште еднаш сакам да искажам верување дека МРТВ ќе има рамноправен пристап кон сите кандидати за претседател во нејзината уредувачка политика. Тоа можете слободно да го забележите по однос на минутажата, по однос на начинот на презентација на делови од изборните кампањи и за тоа ќе зборуваме и понатаму, ќе имаме прилика за тоа. Јас само апелирам во таа насока. Сметам дека тука се согласуваме сите, со цел да не се случат работи, како што се случувале многу години наназад. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана потпретседателке, колеги пратеници,

Само да ве потсетам дека водиме расправа по Предлог-одлуката за правилата за рамноправен пристап во медиското претставување за избор на претседател на Република Македонија  и тоа по текстот на одлуката. Но, дискусиите отидоа подалеку. Јас би сакал само да укажам на пратениците овде да не се создава збуна, бидејќи се пуштаат во дискусиите некакви невистини. Значи, ние како пратеничка група, поедини пратеници поднесовме амандмани со цел да го корегираме текстот таков каков што сметавме дека треба да биде, според нас. И, тоа не дава право никому да кажува дали се тие суштински или не се суштински, а уште помалку да кажува дека поради добрата волја на предлагачот, па дури и пауза ни дозволиле од еден час.

Јас само сакам да потсетам дека одредбите на Деловникот зборуваат до кога може да се поднесува амандман и како да се поднесува. Значи, тука нема некоја добра волја, туку има правила на игра.

Инаку, почитувана потпретседателке, колеги пратеници, ние сметаме како пратеничка група дека од овој рамноправен пристап во медиското претставување за избор на претседател на Република Македонија, освен одлука на хартија нема да има ништо, затоа што да не заборавиме во услови кога имаме кандидат од една политичка партија за претседател на држава, а воедно и премиер, јасно е  кој ја

контролира и како се контролираат медиумите во Република Македонија. Значи, апсолутно ќе немаме некаков рамноправен пристап, сето ќе биде декларативно.

Инаку, кога стана веќе збор за злоупотреби, кој што злоупотребил и како злоупотребил, еве јас да ви кажам слушнав и веќе во етерот се пушти дури и официјалниот слоган, дека ако не ме изберете за претседател, ќе ви останам премиер, па мислете му ја после.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега, ве молам без навреди.

Реплика има господин Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Господинот Жарко Караџоски на почетокот кажа дека треба да се дискутира за текстот, само тој најмалку од се зборуваше за текстот. Да го потсетам дека тој е пратеник на Собранието на Република Македонија, не е гатач и не е видовид да знае што ќе се случува во иднина. Ако има такви надри способности, го молам да ми каже, за да го употребиме тоа во некои игри на среќа и да знаеме како да се однесуваме понатаму.

Второ, да го потсетам дека како правник, за кој што се труди да докаже дека е добар правник, знае дека нема никаква законска пречка, па затоа се повикува на надри особини и видовити работи, па затоа сака да ја префрли темата на надприродни работи, а не на тоа да ги прочитаме законите и да зборуваме за текстот на одлуката. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господин Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Макрадули, по однос на гатачките способности или видовитоста, еве ќе дојдам кај вас на обука, затоа што вие очигледно ги имате и вие бевте тој што го прокламиравте и го погодивте со вашата видовитост датумот на изборите.

По однос на мојата визија, еве корегирајте ме, ако не биде ова слоган на СДСМ, јас не знам што да кажам, па еве ве повикувам дојдете и ќе се уверите дека тој ќе биде слоганот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Реплика има госпоѓа Ангелка Пеева-Лауренчиќ.

АНГЕЛКА ПЕЕВА-ЛАУРЕНЧИЌ:

Јас немам реплика, меѓутоа, претпоставувам дека повеќето од колегите се согласуваат дека текот на дискусиите оди во друга насока и наликува на предизборна камапања, а најмалку на дискусија по Предлог-одлуката за рамноправен пристап во медиумско претставување.

Затоа, од името на пратеничката група на ЛДП барам пауза од 5 минути за пратениците да ги смират тензиите и да продолжиме да работиме по она што ни е точка на дневен ред.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, 5 минути пауза.

(По паузата, седницата продолжи со работа во 12,50 часот).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со седницата.

Ги повикувам сите колеги пратеници да влезат во салата за да продолжиме со седницата.

Уште еднаш ги повикувам сите колеги пратеници што се наоѓаат во Собранието да влезат во салата за да можеме да продолжиме со работа.

Јас ве молам колеги пратеници уште еднаш, кои се наоѓате во Собранието да влезете во собраниската сала, затоа што ќе треба и да гласаме, така што ќе треба да го утврдиме и кворумот.

Ве молам, дали уште некој колега бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Прелдогот на одлуката.

Пред да преминеме на гласање, уште еднаш ги повикувам колегите пратеници да влезат во собраниската сала за да можеме да гласаме.

Јас ги молам собраниските служби да го утврдат бројот на присутните пратеници, а во меѓувреме уште еднаш ги повикувам сите пратеници кои се во Собранието да влезат во собраниската сала.

(Собраниските служби вршат пребројвуање на присутните пратеници во салата).

Ги замолувам претставниците од службите да се изброиме пред да продолжиме, така што молам да се утврди точниот број на присутни пратеници во салата.

(Претставниците на службите утврдија дека во салата се присутни 60 пратеници).

Значи, имаме информација дека недостасува еден колега. Имаме информација дека секој момент треба да дојде.

(Во салата влегува уште еден пратеник, а по него влегуваат и пратениците од пратеничките групи на ВМРО-ДПМНЕ и ЛДП).

Во ред, имаме кворум.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање и ве повикувам да гласате.

(Пратениците гласат).

Вкупно гласале 55 пратеници, сите 55 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за правилата за рамномерен пристап во медиумското претставување за избор на претседател на Република Македонија во 2004 година.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 58 седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 13,00 часот).